**ВНАТРЕШНО УПАТСТВО: Информации за пациентот**

**PARACETAMOL**

Супозитории - 250 mg

(*Paracetamol*)

**Пред употреба на овој лек внимателно прочитајте го целото упатство.**

- Чувајте го ова упатство. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Доколку имате дополнителни прашања, советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам. Немојте да го давате на други лица. Може да им наштети, дури и ако симптомите се исти како Вашите.
- Доколку некое од несаканите дејства стане сериозно, или доколку забележите некое друго несакано дејство кое не е наведено во упатството, Ве молиме контактирајте го Вашиот лекар или фармацевт.

**Во ова упатство:**

1. Што претставува Paracetamol супозиторија 250 мг и за што служи
2. Што треба да знаете пред да употребите Paracetamol супозиторија 250 мг
3. Како да го употребувате Paracetamol супозиторија 250 мг
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Paracetamol супозиторија 250 мг
6. Дополнителни информации

**Носител на одобрението за ставање во промет:**
Тара Фарм Дооел, Гостивар
Ул. Беловиште бр. 12 Беловиште, Гостивар
**Производител:**
ПРОФАРМА АД
ул. "Мислим Кета"
тел.: 00355 4 23 89 602
Тирана – Албанија

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВААТ PARACETAMOL СУПОЗИТОРИИ 250 МГ И ЗА ШТО СЕ КОРИСТАТ

Супозиторијата е мал, конусен лек кој се апплицира во ректумот.

Супозиторијата содржи лек наречен Paracetamol. Тој припаѓа на групата на лекови наречени ублажувачи на болка (аналгетици).

Супозиториите се користат за лекување на болка и висока температура (треска) кај деца од 6 до 12 години. Тие се користат од страна на децата кои имаат потешкотии во земање на Paracetamol во форма на таблети или сируп.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ PARACETAMOL СУПОЗИТОРИИ 250 МГ КАЈ ДЕЦА

**Не употребувајте Paracetamol супозитории 250 мг на вашето дете доколку:**

• ако е алергично на Paracetamol или на друга состојка на овој лек (наведени во дел 6).

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

Разговарајте со лекарот на вашето дете или фармацевт пред да започнете со користење на овие супозитории:

• ако вашето дете има проблеми со црниот дроб или бубрезите.

• ако вашето дете зема други лекови кои може да влијаат на црниот дроб (види дел Други лекови и Paracetamol супозитории 250 мг)

**Други лекови и Paracetamol супозитории 250 мг**

Кажете му на лекарот или фармацевтот доколку вашето дете зема, или неодамна земало некои други лекови вклучително и лековите кои ги купувате без рецепт и хербалните лекови. Тоа е затоа што Paracetamol супозиториите може да влијаат врз механизмот на дејство на некои лекови, а некои лекови може и да имаат влијание врз Paracetamol супозиториите.

Особено, кажете му на лекарот или фармацевтот ако вашето дете зема било кој од следниве лекови:

• Други лекови кои содржат Paracetamol - не му давајте на вашето дете во исто време со Paracetamol супозитории.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

• Барбитурати (седативи).

• лекови за епилепсија или напади (наречен "антиконвулзивни").

• лекови, како што е варфарин за третирање на згрутчување на крвта.

• Хлорамфеникол (лек кој се користи за лекување на бактериски инфекции).

• Пробенецид (лек кој се користи за да се спречи гихт и, повремено, да се зголеми крвното ниво на антибиотикот пеницилин).

**Употреба на Paracetamol супозитории со алкохол**

Не му давајте на вашето дете алкохол, или било какви лекови кои содржат алкохол додека ги прима овие супозитории.

## 3. КАКО ДА ГИ УПОТРЕБУВАТЕ PARACETAMOL СУПОЗИТОРИИТЕ 250 МГ

Секогаш употребувајте го овој лек согласно упатството за употреба како и препораките на Вашиот лекар или фармацевт. Консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт доколку не сте сигурни.

**Употреба кај деца на возраст од 6 до 12 години**

• Paracetamol супозитории 250 mg се наменети за деца на возраст од 6 до 12 години.
• Бројот на супозитории наменети за вашето дете зависи од нивната возраст и тежина.
• Препорачаната доза е една или две супозитории.
• Советувајте се со лекарот на вашето дете или фармацевтот колку супозитории да дадете.

Може да му дадете на Вашето дете до 4 дози во тек на 24 часа. Мора да направите пауза од најмалку 4 часа помеѓу секоја доза.
Ако не сте сигурни колку супозитории да му дадете на вашето дете, немојте да претпоставувате. Советувајте се со лекарот на Вашето дете или фармацевтот.

**Не му давајте на Вашето дете повеќе Paracetamol супозитории 250 мг од што е пропишано погоре.**

Советувајте се со лекарот на Вашето дете доколку симптомите на Вашето дете се влошуваат или не се подобруваат.

**Како да ги користите Paracetamol супозиториите250 мг**

1. Цревото на вашето дете треба да е празно кога ќе му се даде овој лек. Ако вашето дете има потреба да оди во тоалет, бидете сигурни да го направи тоа пред да се даде супозиторијата.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
СКОПЈЕ

2. Може да Ви биде полесно да му ја дадете супозиторијата на вашето дете ако е правилно легнато на кревет или е легнато на страна. Направете онака како е поудобно за вашето дете.

3. Измијте ги рацете. Потоа одлепете го затворениот дел од амбалажата и извадете ја супозиторијата. Немојте да ја скршите супозиторија пред употреба.

4. Нежно ставете ја супозиторија во задниот отвор на вашето дете (ректум) прво со зашилениот дел. Потоа измијте ги рацете.
5. Обидете се да го задржите вашето дете мирно за една до две минути.
6. Ако на вашето дете треба да му дадете уште една супозиторија одлепете уште една супозиторија од амбалажата. Потоа вметнете ја во задниот отвор на вашето дете (ректум) како претходно. Уште еднаш треба да се обидете да го задржите вашето дете мирно една минута или две. Потоа измијте си ги рацете.

**Доколку сте дале поголема доза Paracetamol супозитории 250 мг на Вашето дете отколку што е потребно**

• Немојте да му давате на Вашето дете повеќе супозитории одколку што е пропишано (во делот "Употреба кај деца на возраст од 6 до 12 години ").

• Треба да се бара итна медицинска помош во случај на предозирање дури и ако детето изгледа добро, поради ризик од одложени сериозни оштетувања на црниот дроб. Вашето дете може да има потреба од испитување на крвта за да се провери функцијата на црниот дроб.

**Ако сте заборавиле да дадете Paracetamol супозитории 250 мг на Вашето дете**

Ако сте заборавиле да му дадете на Вашето дете доза на Paracetamol супозитории, направете го тоа штом се сетите.

• Сепак, ако тоа е приближно до времето за следната доза, прескокнете ја пропуштената доза.

• Не му давајте на Вашето дете дупла доза (две дози во исто време) за да се надомести пропуштената доза.

Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој производ, обратете се кај лекарот на вашето дете или фармацевт.

## 4.МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови и овој лек може да предизвика несакани ефекти, иако не секој ги добива.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Следниве несакани ефекти можат да се појават од употребата на овој лек.

**Чести (се јавуваат кај 1 на 10 луѓе)**

• црвенило или болка во или околу задниот отвор.

**Ретки (се јавуваат кај 1 на 1000 луѓе)**

• Алергиски реакции како што се отекување на лицето, усните, јазикот или грлото.

• проблеми со кожата, како што се осип или чешање.

• Крвни проблеми. Ако се појават, вашето дете може да промени боја или да се искрвари полесно, полесно да добие инфекција, да добие висока температура (треска) или чиреви во устата и грлото.

• проблеми со црниот дроб (кај вашето дете може да има потреба да се спроведат крвни тестови за да провери работата на црниот дроб).

Пријавени се многу ретки случаи на сериозни кожни реакции.

**Пријавување на несакани ефекти**

Ако вашето дете добие некакви несакани ефекти, разговарајте со лекарот на вашето дете или фармацевт. Ова ги вклучува и сите можни несакани ефекти кои не се наведени во ова упатство. Несаканите ефекти пријавете ги во Агенцијата за лекови и медицински средства. Со пријавувањето на несаканите ефекти придонесувате да се обезбедат повеќе информации за безбедноста на овој лек.

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВААТ PARACETAMOL СУПОЗИТОРИИТЕ 250 МГ

Да се чува надвор од дофат на деца!

Да не се користи Paracetamol супозитории по истекување на рокот на употреба наведен на пакувањето!

Да се чува на температура под 25°C!

Да се чува во оригиналното пакување заштитено од светлина и влага!

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи една Paracetamol супозиторија 250 мг**

**Активната супстанција** е Paracetamol.

- Една супозиторија содржи 250 mg Paracetamol.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

**Други ексципиенси**: Колоидна безводна силика и цврсти масти.

**Содржина на пакувањето:**

Супозитории (250 mg) – картонска кутија со 10 супозитории.

**Начин на издавање на лекот:**

**Лекот може да се издава само во аптека и без рецепт (БР).**

**ДАТУМ НА ПОСЛЕДНА РЕВИЗИЈА НА ТЕКСТОТ**

Март, 2017 година.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА · СКОПЈЕ